# ПАРЧЕ ЗЕМЈА МАКЕДОНСКА

# *Macedonian Piece of Land*

ПЕРО СПИРОСКИ

PERO SPIROSKI

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
БИТОЛА

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - БИТОЛА
МАРТ 1993

ДОМ НА КУЛТУРАТА - ПРИЛЕП
МАРТ 1993

КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
СКОПЈЕ
АПРИЛ 1993

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА-КУМАНОВО
АПРИЛ 1993

Перо Спироски, заедно со своите колеги од групата ВДИСТ, (Видимче, Димовски, Ивановски, Траиковски), се основоположници на модерната ликовна уметност во Битола. Нивните заеднички настапи во педесеттите години во центрите на тогашна Југославија беа дел од најинтересното и најмеродавното според што се толкуваше и оценуваше македонската уметност. Но севкупноста на историско-политичката ситуација во која се наоѓаше Македонија влијаеше на целата уметност, а посебно беше изразена во градовите во внатрешноста.
Административно-политичките и културни групирања на интересите на македонскиот простор по Втората светска војна беа зависни од скромната материјална моќ, но уште повеќе од потребата за таква организација, најпрвин во глобалниот тогашен југословенски простор. Само да се погледаат опстојните текстови за дејствувањето на ликовните групи од Скопје, или на пример годишните изложби на ДЛУМ, (најчесто и најопстојно од Б. Петковски), ќе се види дека Скопје е единствената станица од каде се поаѓало во светот и каде тој евентуално можел да пристигне. Тоа ќе биде можеби најсилниот мотив некои од членовите на групата да се иселат од Битола, но сите тие, а во одредена смисла посебно Перо Спироски и Борислав Транковски кои до денес живеат во овој град, ќе понесат голем товар за да ја сочуваат големата духовна искра, (ако веќе пламенот се поднамалил), на Битола која завлегуваше во сè поголема изолација, (со новиот светски поредок Битола ги изгуби комуникациите во кои имаше витална улога од времето на конзулите во него, а според кажувањата на уметниците до Скопје се патувало по шест или осум саати). Оттука, може да се претпостави каков напор бил потребен, и колку сила им се одзела за да ја сочуваат таа духовна искра на битолската културна традиција.

* * *

Перо Спироски сета ликовна култура му ја подари на пејзажот при што искреноста во доживувањето е носечки творечки принцип и резултат. И самиот мотив и ваквиот пристап можеме да ги дообјасниме со една прилично лежерна спонтаност и лефтерност, но не од темпераментен и разигран вид во колори-

Pero Spiroski, together with his collegues of the Bitola group VDIST, or Vidimče, Dimovski, Ivanovski, Traikovski, are the founders of the contemporary art of Bitola. Their joint exhibitions in the 50' s of this century, in the capitals of the former Yugoslavia, represent a part of their most interesting art life, evaluating the Macedonian art, as s whole, of a given time. But the entire historical and political conditions in which Macedonia was involved in, naturaly affected the fine srts too. This was especially felt in the inner part of the republic, in the smaller cities.
The administratively-political and cultural grouping as well as the great interest for the Macedonian territory after World Was II depended on the poor financial support, but much more on the need for a good organization, first of all in the former global Yugoslav territory. The documents on the existing texts for the activity of the art group from Skopje, or for example, the annual DLUMs exibitions (most commonly by B. Petkovski) reveal that Skopje has been the only starting point and connection with the world. That was one of the strongest motives for some og the members of the group to emigrate from Bitola, but all of them, especially Pero Spiroski and Borislav Traikovski, who have been living in Bitola to this very day, will take on responsibilities to preserve the great spiritual spark of the city which was facing the difficulties for losing its primacy as a consulate city, and consequently of all the appropriate priorities. Per Spiroski devoted his art culture to the landscape, in which the sincerity of his experience is a supporting creative principle and result. The very motive and approach might be explained more precisely with a rather spontaneoussness and reliefness, but not of a temperamental and well coordinated type in the colourful description (although Spiroski works quickly, all the elements of the colourful composition inculade signs og a certain tranquil rhythm and atmosphere being full in feelings, which regardless of their confusing elements, are constantly clear). All the particularities explain his ethic principle, which remains natural, unchanged, both in himself and in his paintings. It is the authenticity, or as the painter says, the truth, felt by each sense. Although Spiroski has preserved the objectiveness of the landscape, inner attempts are being made, which gradually might result in a superior or a lapidary expresing which gradually might result in a superior or a lapidary



стичкото испишување, (иако Спироски работи брзо, сите елементи на колористичката композиција носат предзнак на спокоен ритам и атмосфера исполнета со чувства, кои без разлика што често збунуваат со една дискретна мајсторска доза на метафизички превез или магичен амбиент, тие се константно ведри). Сите особености го објаснуваат и неговиот етички принцип кој и кај самиот уметник и во сликите е природен а не наметнат. Тоа е вистинитоста, или како што самиот уметник вели, вистината што ја гледаа сите сетила. Иако Спироски ја сочувува објективноста на пејзажот, тој прави внатрешни потраги кои со тек на време ќе резултираат во супериорно и лапидарно изразување со шпаклата, што досега недоволно е вреднувано и увидено поради предрасудите во однос на постојаноста на мотивот. Спироски во изминативе четири децении направи прекрасно организирани и изведени слики, за во овие најнови дела да го ослободи потегот, да го постигне флуидот и напуштајќи ги кусите промислени намази да се најде на прагот од целосното напуштање на визуелната вистина.
Спироски никогаш не цртал, но во овие најнови слики цртежот е останат уште само на трите основни насоки: хоризонтала, дијагонала и вертикала за која секогаш користел една или неколку тополи кои во овие слики се само уште чист намаз, односно, вертикали искапани во боја. Посебно битен елемент е водата како дел од пејзажот. Дури и кога ја нема ќе ја видиме во небото кое небаре излегло од длабината на реката или езерото, (во тој однос постои возможна релација со сликите-пејзажи на Личеноски, на кои исто така го нема сонцето), натаму во интензивниот сочен колорит на вегетацијата, па дури и во изобилството бел снег во зимските пејзажи. За сето тоа најприсутни се црвената и сината од примарните, зелената од секундарните, но во сите нив и во честите употреби на меѓубоите уметникот инсистира да ја постигне сочноста и интензитетот, со што ја постигнува дневната светлина, без блесокот на сонцето, под зрачењето на длабокото сино каде воздата и небото си ја позајмуваат светлината. Тоа создава два типа на композиции: отворени и затворени. Во првите просветленото силно на небото бега во далечината оставајќи водите, пољаните и планините на ни се откриваат, а во вторите небото надвиснува над водата во вид на бајковидна атмосфера покрај некои добри води, во вид на првично живејалиште на човекот. Со ослободување на една позитивна меланхолија Спироски можеби поради посоченото второ чувство, својата питома душа вистински ја отвора најмногу кон природата.

Љубен Пауноски

expressing with the scapula, which on the other hand has been unsufficiently evaluated so far, because of the prejudices relating the steadiness of the motive. In these past 40 years of his life, Spiroski has created beautifully organized and well done paintings, in which he has released the stroke of his brush and has achieved the fluid, and leaving the brief well thought out spreads, to find himself on the threshold of the visual truth.
Spiroski has never been engaged in drawings, but in these last paintings, the drawing is present only in the three basic lines: the horizontal, the diagonal and the vertical one, for which he used several poplar trees, represented in these paintings in pure spread or verticals washed in colour. An essential ellement of his landscapes is the water. Even if it diesn't exist, it might be noticed in the sky, which seems as if itn has come out of the river's or lake's depth (in this regard, there is certain relation with Ličenovski's paintings-landscapes), furthermore, in the intensive strong vegetation coloring, even in the plantitude of white snow in the winter landscapes. To express all this, Spiroski most commoly uses the red, the blue and the green colour, trying to achieve strong and intensive colours in expressing the daylight, without the sunshining, under the beams of the deep blue sky, where the water and the sky share the light. This creates two types of compositions; opened and closed ones. Jn the first one, the light bluishness of the sky runs away in the distance, leaving the waters, meadows and the mountainns reveal to us, whereas in the second one, the sky appears over the water, presenting a kind of mythological atmosphere, by good waters, a kind of men's first residence. By releasing of a positive melancholy, Spiroski opens his pleasant soul to the nature.

Translated
Lidija Popovska





## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1954 Битола (со Пецо Видимче) Сала на Подофицерски дом, 18.VI 1954
1955 Кавадарци, Дом на културата, 1955
1956 Штип, 1956
1965 Битола, Уметничка галерија ,,Моша Пијаде'', 24.V-10.VI 1965 Прилеп, Шаховски клуб, 4-14.VII 1965
1967 Кавадарци, Дом на културата, 30.IV-10.V 1967 (20 слики)
1969 Кичево, Завод за вработување, 1969
1975 Скопје, Центар за култура и информации, 20.I-2.II.1975 (18 слики и 4 акварели)
Битола, Уметничка галерија ,,Моша Пијаде'', 6-20.III 1975 (22 слики и 4 акварели)
1978 Скопје, Центар за култура и информации, 17-29.I 1971 (31 слика)
1979 Битола, Трикотажа ,,Пелистер'', 1979
1981 Битола, Ликовен салон на Спомен-домот на културата 1-15.III.1981 (46 слики)
Битола, ,,Битолатекс'', 1981 (40 слики)
1984 Битола, Уметничка галерија ,,Моша Пијаде'', 28.II-15.III.1984 (35 пастели).

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1950 Битола, Изложба на младите художници од Битола
од 1952 учествува на изложбите на ДЛУМ
1953 Изложба на битолските и прилепските художници во Битола и Прилеп 25.V-7.VI.1953
1955 редовно учествува на сите изложби на ВДИСТ
1957 Белград, Изложба на современа македонска графика, Графички колектив, 4-11.XI. 1957
1958 Кејптаун (Јужна Африка), Изложба на современа југословенска уметност, VIII 1958
1959 Скопје, 15 години ликовно творештво на НР Македонија, Уметнички павилјон, 16-26.V 1959
1960 Скопје, Македонски пејсаж 1950-1960, Уметничка галерија X-XI 1960
од 1964 учествува на градските изложби на битолските уметници во Уметничката галерија ,,Моша Пијаде''-Битола
1967 Белград, III триенале на југословенската ликовна уметност, Београдски сајам - Хала III. 6.VII-15.IX 1967
1969 Ферара (Италија), Изложба на македонската уметност, CHIESA di S. Romano 5-20.VII 1969
1970 Скопје, Моето најсакано дело, Уметничка галерија, 8-28.II 1970
1971 Почитељ, Ликовна колонија, 1971
Учествува на сите изложби на ДЛУБ од неговото формирање 1974
1974 Скопје, Жената како инспирација на уметникот, Дом на ЈНА 14.XII 1974
1977 Скопје, Изложба од колекцијата на Уметничката галерија Битола,
Центар за култура и информации, 18-28.I 1977 Скопје
Изложба на откупени дела од СИЗ на културата на СРМ,
Музеј на современата уметност 18.I-1.II 1977 Скопје,
Македонски пејзаж, Музеј на современа уметност, 1-5.X 1977
1978-1979 Скопје, Современа македонска уметност (од колекција на МСУ- Скопје), Музеј на современата уметност, 10.XII 78, - 17.X 1979
1979 Струга, Ликовна изложба, Хотел ,,Дрим'' 24-28. I 1979
1981 Битола, Ретроспективна изложба од фондот на галеријата ,,Моша Пијаде'' - Битола, Уметничка галерија ,,Моша Пијаде'' I.1981
1982 Скопје, Современа македонска уметност (од колекцијата на МСУ Скопје), Музеј на современа уметност 21.VII-31.X 1982
1984 Скопје, Македонско минијатурно сликарство, Центар за култура и информации, 15-29.II.1984
1985 Скопје, Современа македонска ликовна уметност (од колекцијата на МСУ-Скопје) 16.IV-XII 1985
1988 Белчиште: Изложба на делата од ликовна колонија ,,Дебрца '88''



Pero SPIROSKI
Born in Bitola, March 22, 1928. Graduated from Pedagogical Academy in Skopje. Travelled on study voyages to Italy. From 1952 member of DLUM (Macedonian Society of Artists) and from 1955 of the group VDIST
Address: Stefče Patako 2a, 97000 Bitola, tel. 097/22-716

Prizes
Otkupna Prize for painting, Bitola 1973; Prize from DLUB (Bitola Society od Artists), Bitola 1982

ПЕРО СПИРОСКИ

Роден на 22.III 1928 година во Битола
Виша педагошка академија - ликовна насока завршил во Скопје
Студиски престој во Италија во 1954 г.
Член на ДЛУМ од 1952 г., на ВДИСТ и ДЛУБ од нивните формирања
Адреса: 97000 Битола, Стефче Патако 2а,
тел. 097/22-716

# ПАРЧЕ ЗЕМЈА МАКЕДОНСКА



**ПРЕДГОВОРИ И ПОВАЖНИ СТАТИИ ЗА АВТОРОТ**

1954 ТРАИКОВСКИ, Борислав, ИЗЛОЖБА НА ПЕЦО ВИДИМЧЕ И ПЕРО СПИРОСКИ ВО БИТОЛА Разгледи, Скопје, 4.VIII 1954, 14.9

1957 ДИМОВСКИ, Ј(ован) ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА НА ПЕРО СПИРОСКИ ВО БИТОЛА, Нова Македонија, Скопје, 20.VI 1957, 3970, 5

1975 ИВАНОВСКИ, Менде (ПРЕДГОВОР) ВО: Перо Спироски, Каталог, Скопје, Центар за култура и информации, 1975

ШИРИЛОВ, Т(ашко) ВЉУБЕНИК ВО ПЕЛАГОНСКИОТ ПЕЈЗАЖ, Вечер, Скопје, 23.I 1975, 3608, 7

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир ПО СТРОГА ОПРЕДЕЛЕНА ПАТЕКА

Нова Македонија, Скопје, 26.I 1975, 10060, 12

Н.М. (ИСКАЖУВАЊЕ) во: Едноставно и искрено ,,Нова Македонија'', Скопје, 29.I 1975. 10063, 11

ГИЛЕВСКИ, Паскал ПО ТРАГИТЕ НА ЛИЧЕНОСКИ Вечер, Скопје, 30.I 1975, 3614, 8

ИВАНОВСКИ, Менде (ПРЕДГОВОР) во: Перо Спироски, Каталог, Битола, Галерија на современата југословенска графика, 1975

1978 ГИЛЕВСКИ, Паскал ПЕЛАГОНИСКИ ПЕЈЗАЖИ, Вечер, Скопје, 21.I 1978, 4533, 11

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир ПЕЈЗАЖИ И ПОРТРЕТИ-КАРИКАТУРА

Нова Македонија, Скопје, 29.I 1978, 11141, 11

1981 ТРАИКОВСКИ, Борислав (ПРЕДГОВОР) во: П. Спироски, Каталог, Битола, Спомен-дом на културата, 1981

1988 Белчишта: Изложба на делата од Умет. колон. од Дебрца '88

**НАГРАДИ**

1973 Битола, Откупна награда на ДЛУБ

1977 Скопје, III награда на анонимниот конкурс на Извршниот совет на СРМ на тема ,,Македонски пејзаж''

1982 Битола, Мајска награда на ДЛУБ





СПОНЗОРИ:

ТРИКОТАЖА ,,ПЕЛИСТЕР'' - БИТОЛА

,,ВОДОСТОПАНСТВО'' - БИТОЛА

,,СОЦИЈАЛЕН БОРЕЦ'' - БИТОЛА

,,КИРО ДАНДАРО'' - БИТОЛА

ЗАВОД, МУЗЕЈ И ГАЛЕРИЈА - БИТОЛА

Дизајн: Дизајн: gk

Печати: АД Печатница ,,Киро Дандаро'' - Битола